Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
QEVERIA E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Бр.-Nr. 57-1216/6
18.02.2026 год.-viti
Скопје-Shkup

Влада на Република Северна Македонија

Врз основа на член 16 ставови (2) и (3) од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16, 37/16 и 20/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19, 153/19, 180/19, 275/19, 77/21, 122/21, 178/21, 150/22, 236/22, 199/23, 236/23, 263/23, 30/24, 74/24 и 170/24), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 17 февруари 2026 година, донесе

# ПРОГРАМА
## „Здравје за сите" за 2026 година

## I. В О В Е Д

Кардиоваскуларните и респираторните болести се најчести заболувања кај населението, како во светски рамки, така и во Република Северна Македонија. Главни ризик-фактори за нивната појава се зголемениот крвен притисок, повисоките нивоа на маснотии во крвта, дебелината, дијабетот, неправилната исхрана и недоволната физичка активност, кои можат да се спречат и контролираат со навремени превентивни мерки. Масовните незаразни болести се водечка причина за смрт и инвалидитет. Зголемената застапеност во последните децении се должи на значајните промени во животниот стил, особено во начинот на исхрана, физичката активност и употребата на алкохол и тутун. Енергетската рамнотежа, односно односот помеѓу внесената и потрошената енергија, е клучна за одржување на нормална телесна тежина и здравје. Превентивните прегледи за навремена контрола на крвниот притисок, телесната тежина, шеќерот и маснотиите во крвта се важен елемент за рано откривање и спречување на кардиоваскуларни заболувања. Едукацијата на населението за редовни превентивни прегледи, правилен начин на исхрана и здрави животни стилови ја зголемува свесноста за здравјето. Параметрите кои се следат вклучуваат крвен притисок, телесна тежина, висина, индекс на телесна маса, шеќер и маснотии во крвта, а граѓаните добиваат и конкретни совети за грижа за сопственото здравје и заштита од високите температури.

**1. Бесплатни прегледи – треба да се спроведува по една акција на секои два месеци.**

Со оваа активност, сите граѓани добиваат можност за бесплатен превентивен преглед, независно од нивниот статус на здравствено осигурување.

Активностите се состојат од бесплатен лекарски преглед, мерење на крвен притисок, телесна тежина и висина, пресметка на индекс на телесна маса, одредување шеќер и маснотии во крвта и давање лекарски совети. Резултатите од мерењата се соопштуваат на лице место.

При прегледите се даваат и совети за грижа за здравјето, правилна исхрана и заштита од високите температури, а се делат и промотивни едукативни материјали за здрав начин на живот.
Активностите се спроведуваат на отворен или затворен простор во зависност од временските услови, а за местото, денот и времето на спроведување, населението ќе биде известено преку локалните медиуми и месните заедници.


| | |
|---|---|
| **Институција** | Влада на Република Северна Македонија |
| **Датум/Време** | 18.02.2026 00:54 |
| **Верификација** | Информации за верификација на автентичноста на овој документ се достапни со користење на кодот за верификација (QR-кодот), односно на линкот подолу. **https://materijali.e-vlada.mk/Home/GetDocumentReviewContentById?documentId=96f33cbf-3865-4540-b58f-8c4416182a9c&materialId=16091986-2deb-4d47-abdb-a3d2d59b2ff4** |

*Овој документ е официјално потпишан со електронски печат и електронски временски жиг. Автентичноста на печатените копии од овој документ можат да бидат електронски верификувани.*

Секој здравствен дом и општа болница со проширена дејност треба да обезбеди шест акции годишно во руралните подрачја, спроведени еднаш на секои два месеци.

Здравствените тимови ќе бидат составени од лекар, медицинска сестра и возач. Резултатите од анализата ќе се евидентираат во евидентен лист и ќе се доставуваат до Институтот за јавно здравје на Република Северна Македонија.

Извршители:  Здравствени домови и општи болници со проширена дејност.

**2. Материјални трошоци за спроведување на акции за бесплатни прегледи.**

Обезбедување на потребни медицински материјали, потрошни средства и промотивни едукативни материјали за успешна реализација на активностите.

Извршители: Здравствени домови и општи болници со проширена дејност.

**3. Обработка на податоци и извештај.**

Обработка и анализа на податоците од превентивните прегледи и подготовка на годишен извештај.

Извршител: Институтот за јавно здравје на Република Северна Македонија.

**4. Превентивни активности за време на топлотни бранови.**

Спроведување на превентивни прегледи и советување на населението за заштита на здравјето при појава на топлотни бранови.

Извршители: Здравствени домови и општи болници со проширена дејност.

**5. Финансиска стимулација за трошоци за гориво за руралните концесионери.**

Со цел обезбедување на континуитет, достапност и редовно функционирање на примарната здравствена заштита во руралните подрачја, преку поддршка на руралните концесионери за покривање на трошоците за гориво настанати поради патување до руралната амбуланта на растојание поголемо од 25 км.

Месечен надоместок: 15.000 – 18.000 денари.
Критериуми за утврдување на висината на надоместокот (според оддалеченост):
- од 25 до 30 км → 15.000 денари,
- од 31 до 35 км → 16.000 денари,
- од 36 до 40 км → 17.000 денари,
- над 40 км → 18.000 денари.

При утврдување на висината на надоместокот се земаат предвид и состојбата и пристапноста на патната инфраструктура, како и теренските услови (рурални и тешко достапни подрачја).

**Институција** Влада на Република Северна Македонија

**Датум/Време** 18.02.2026 00:54

**Верификација** Информации за верификација на автентичноста на овој документ се достапни со користење на кодот за верификација (QR-кодот), односно на линкот подолу.
**https://materijali.e-vlada.mk/Home/GetDocumentReviewContentById?documentId=96f33cbf-3865-4540-b58f-8c4416182a9c&materialId=16091986-2deb-4d47-abdb-a3d2d59b2ff4**

*Овој документ е официјално потпишан со електронски печат и електронски временски жиг. Автентичноста на печатените копии од овој документ можат да бидат електронски верификувани.*

Извршители –Руралните концесионери.

**6. Јакнење на капацитетите на здравствените работници во примарната здравствена заштита за превенција и постапување при родово - базирано насилство.**

Со цел подобрување на знаењата и вештините на здравствените работници, ќе се реализираат следните активности:
**-** Подготовка на стандардизирани едукативни модули и наставни материјали за препознавање и постапување при родово-базирано насилство на здравствен персонал на примарно ниво.
**-** Организирање обуки за обучувачи кои ќе ја пренесат експертизата и методологијата до другите здравствени работници на цела територија на Република Северна Македонија.
**-** Спроведување на практични работилници кои ќе се одржат на целата територија на Република Северна Македонија, со цел здравствените работници да поставаат сомнеж за родово-базирано насилство, да го евидентираат во медицинската документација и да применуваат стекнатото знаење во практика.
**-** Дистрибуција на едукативни материјали (флаери, брошури и водичи) за родово - базирано насилство, со информации за препознавање на знаците на насилство, постапки за барање помош и контакти за достапни услуги.

Оваа активност ќе се реализира со поддршка од УНФПА.
Целна група: здравствени работници во примарната здравствена заштита.
Извршител: Медицински факултет при Универзитетот **„**Св. Кирил и Методиј“ – Скопје – Центар за семејна медицина, Скопје.

## II. ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

Целта на оваа програма е активен пристап до граѓаните, особено во руралните средини, навремена контрола на здрављето и рано откривање на заболувања преку превентивни прегледи, поддршка на здравствените тимови и руралните концесионери, унапредување на здравите животни стилови, како и јакнење на капацитетите на здравствените работници во примарната здравствена заштита за рано препознавање, превенција и правилно постапување при родово **-** базирано насилство.

## III. ПОДГОТВИТЕЛНИ АКТИВНОСТИ ЗА ИЗВРШИТЕЛИТЕ

За целосно и навремено спроведување на оваа програма, се организираат подготвителни активности за сите извршители:

**1.** Превентивни прегледи: подготовка на список со одговорни лица и координатори, календар со локалитети на секои два месеци, евидентни листови и анкетни формулари, обезбедување на медицински, потрошни и едукативни материјали.

**Извршители:** Здравствени домови и општи болници со проширена дејност.

2. Рурални концесионери: финансиска поддршка за гориво за руралните концесионери

**Извршители:** Рурални концесионери.


**Институција** Влада на Република Северна Македонија
**Датум/Време** 18.02.2026 00:54
**Верификација** Информации за верификација на автентичноста на овој документ се достапни со користење на кодот за верификација (QR-кодот), односно на линкот подолу.
**https://materijali.e-vlada.mk/Home/GetDocumentReviewContentById?documentId=96f33cbf-3865-4540-b58f-8c4416182a9c&materialId=16091986-2deb-4d47-abdb-a3d2d59b2ff4**


*Овој документ е официјално потпишан со електронски печат и електронски временски жиг. Автентичноста на печатените копии од овој документ можат да бидат електронски верификувани.*

3. Родово - базирано насилство: подготовка на стандардизирани модули, обуки за обучувачи, спроведување на практични работилници низ целата територија на Република Северна Македонија, дистрибуција на флаери и брошури.

**Извршители:** Медицински факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје – Центар за семејна медицина, Скопје.

## IV. ЕВАЛУАЦИЈА НА ДОБИЕНИТЕ РЕЗУЛТАТИ ОД ИЗВРШЕНИТЕ ПРЕВЕНТИВНИ ПРЕГЛЕДИ

Секој извршен превентивен преглед се евидентира во посебен евидентен лист кој се доставува до Институтот за јавно здравје на Република Северна Македонија.

По обработката на добиените индивидуални листи за вкупниот период Институтот за јавно здравје на Република Северна Македонија изготвува студија за добиените резултати од превентивните прегледи по здравствени домови на ниво на државата со препораки за подобрување на здравствената состојба кај граѓаните.

## V. ПОТРЕБНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈАТА НА ПРОГРАМАТА

**Табела 1**

| Р.бр | Активност | Единица/вредност | Извршители | Износ (во денари) |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Надоместок за ангажирање на тимовите кои ќе одат на терен | 3.200,00 денари (една посета тим лекар, сестра и возач) (по 6 посети годишно) 33*6*3.200,00 | Здравствени домови и општи болници со проширена дејност | 633.600,00 |
| 2 | Матерјални трошоци за спроведување на акции за бесплатни прегледи (кутии, алкохол, бензин, вода, безалкохолни пијалоци и друго) | 33*12.000,00 денари (годишно) | Здравствени домови и општи болници со проширена дејност | 396.000,00 |
| 3 | Обработка на податоци од мерењата при здравствените прегледи и извештај | 120.000,00 денари (годишно) | Институт за јавно здравје на Република Северна Македонија | 120.000,00 |
| 4 | Активности за превентивни прегледи при топлотни бранови | 33*3.200,00 денари (годишно) | Здравствени домови и општи болници со проширена дејност | 105.600,00 |

Институција Влада на Република Северна Македонија
Датум/Време 18.02.2026 00:54
Верификација Информации за верификација на автентичноста на овој документ се достапни со користење на кодот за верификација (QR-кодот), односно на линкот подолу.
https://materijali.e-vlada.mk/Home/GetDocumentReviewContentById?documentId=96f33cbf-3865-4540-b58f-8c4416182a9c&materialId=16091986-2deb-4d47-abdb-a3d2d59b2ff4

*Овој документ е официјално потпишан со електронски печат и електронски временски жиг. Автентичноста на печатените копии од овој документ можат да бидат електронски верификувани.*

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 5 | **Финансиска стимулација за трошоци за гориво за руралните концесионери** | **15.000 – 18.000 денари**<br><br>**(месечно, според оддалеченост: 25–30 км – 15.000; 31–35 км – 16.000; 36–40 км – 17.000; над 40 км – 18.000)** | **Руралните концесионери** | **1.544.800,00** |
| 6 | **Јакнење на капацитетите на здравствените работници во примарната здравствена заштита за превенција и постапување при родово-базирано и семејно насилство (подготовка модули, обуки за обучувачи, практични работилници низ целата територија, дистрибуција на флаери, брошури и водичи)** | **700.000,00 денари (годишно)** | **Медицински факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје -Центар за семејна медицина-Скопје** | **700.000,00** |
| | **ВКУПНО** | | | **3.500.000,00ден** |

Извршители на оваа програма се здравствените домови, општите болници со проширена дејност, руралните концесионери, Институтот за јавно здравје на Република Северна Македонија и Медицински факултет при Универзитетот **„**Св. Кирил и Методиј“ – Скопје - Центар за семејна медицина **-** Скопје.

Неизмирените обврски по основ на остварени права, согласно Програмата „Здравје за сите“ за 2025 година, ќе бидат исплатени во текот на 2026 година.

Оваа програма ќе се реализира во рамки на обезбедените средства во Буџетот на Република Северна Македонија за 2026 година во износ од 3.500.000,00 денари.

VI. Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

**Претседател на Владата на Република Северна Македонија**

**Проф. д-р Христијан Мицкоски**

**Институција** Влада на Република Северна Македонија

**Датум/Време** 18.02.2026 00:54

**Верификација** Информации за верификација на автентичноста на овој документ се достапни со користење на кодот за верификација (QR-кодот), односно на линкот подолу.
**https://materijali.e-vlada.mk/Home/GetDocumentReviewContentById?documentId=96f33cbf-3865-4540-b58f-8c4416182a9c&materialId=16091986-2deb-4d47-abdb-a3d2d59b2ff4**

*Овој документ е официјално потпишан со електронски печат и електронски временски жиг. Автентичноста на печатените копии од овој документ можат да бидат електронски верификувани.*

Подготвил: Даниела Давитковска, 17.02.2026
Проверил: Катерина Јаневска, 17.02.2026
Контролирал: Снежана Маркова Пендовски, 17.02.2026
Согласен: Зоран Брњарчевски, 18.02.2026

Digitally signed by Hristijan Mickoski
Date: 2026.02.18 12:12:38 +01:00

Одобрил: Игор Јанушев,
Генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија

Digitally signed by Igor Janushev
Date: 2026.02.18 11:25:08 +01:00


| | |
|---|---|
| **Институција** | Влада на Република Северна Македонија |
| **Датум/Време** | 18.02.2026 00:54 |
| **Верификација** | Информации за верификација на автентичноста на овој документ се достапни со користење на кодот за верификација (QR-кодот), односно на линкот подолу. **https://materijali.e-vlada.mk/Home/GetDocumentReviewContentById?documentId=96f33cbf-3865-4540-b58f-8c4416182a9c&materialId=16091986-2deb-4d47-abdb-a3d2d59b2ff4** |

*Овој документ е официјално потпишан со електронски печат и електронски временски жиг. Автентичноста на печатените копии од овој документ можат да бидат електронски верификувани.*